***З А П И С Н И К***
***од 18-та седница на Совет на Општина Демир Хисар***
***одржана на 26.12.2022 година***

Седницата на Советот на општина Демир Хисар се одржа во салата за состаноци во зградата на Дом на пензионерите Демир Хисар со почеток во 12 часот.

На седницата присуствуваа 11 (единаесет) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Претседателот на Советот Љупчо Најдовски и советниците Аце Јанкуловски, Марина Димитријовска, Сандра Пејковска, Сашо Михајловски, Даниела Давидевска, Филип Ангелевски, Александра Трајковска, Јасмина Јовановска, Јордан Кромидаровски и Валентин Несторoски. На седницата присутен беше градоначалникот на општина Демир Хисар Никола Најдовски.

Од општинската администрација присутни беа Влатко Станковски, Марина Поповска, претставници од основните училишта Мирјана Пејчиновска, Марина Давидевска, директорката на СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар Маја Лозановска. На седницата присутна беше Мирјана Јанчевска –граѓанин по предходна писмена најава.

Записникот го водеше Виолета Пајковска.

На седницата се расправаше по следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Донесување на Буџет на Општина Демир Хисар за 2023 година.
2. Донесување на Одлука за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2023 година.
3. Донесување на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2023 година.
4. Донесување на Одлука за благајнички максимум на Општина Демир Хисар за 2023 година.
5. Донесување на Одлука за времено финансирање на Општина Демир Хисар за 2023 година.
6. Донесување на Буџетски календар на општина Демир Хисар за 2023 година.
7. Донесување на Програма за работа на Советот на општина Демир Хисар за 2023 година.
8. Донесување на Решение за разрешување и именување на член во Комисија за урбанизам, комунални дејности и ЗЖС.
9. Предлози и прашања.

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја отвори седницата предложениот Дневен ред го стави на расправа, при тоа предложи дополнување на Дневниот ред со точка 8. Донесување на Решение за разрешување и именување на член во Комисија за урбанизам, комунални дејности и ЗЖС, бидејќи членот Христијан Алексовски не присуствуваше на ниедна од петте одржани седници на комисијата. Забелешки немаше. За усвојување на Дневниот ред со дополнувањето гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 1. Буџет на Општина Демир Хисар за 2023 година***

Буџет на Општина Демир Хисар за 2023 година беше разгледан од Комисијата за финансии и и буџет Претседателот Александра Трајковска. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски во своето ислагање истакна Буџетот е домаќински планиран, не е расипнички планирањата се реални. Имаме и образложение кое е многу добро изготвено. Советникот Јордан Кромидаровски објасни како член во комисијата за финансии и буџет гласаше воздржано, бидејќи имаше забелешка уште на почетокот се расправаше за два проекти за Смилево за улици проекти има требаше само да се аплицира, очекувал дека барем со едниот проект ќе се аплицира некаде. Се планира 6 милиони барем помалата улица да се планираше. Градоначалникот Никола Најдовски објасни се разговараше за овие проекти, да се најдат финансиски средства, се е поскапено средства нема многу, планирани се 6 милиони 4 се сопствени приходи, а 2 се за улица во Света. Во Слепче има една улица во многу лоша состојба, во Прибилци од пругата нагоре исто така е во многу лоша состојба. За улиците во

Смилево се во план заедно ќе успееме да најдиме средства има начин како ќе се обезбедат средства ќе се реализира. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски додаде реално има начин да се најдат средства, не мора да се менува ништо во програмите. Претставникот Марина Поповска објасни за да можи проект да се планира во Буџетот мора да има од каде се обезбедени средства и колку, за да можи да се планира и приход и расход. Градоначалникот Никола Најдовски додаде реализацијата на овај проект е ветена и не мора да се менува во програма, ќе се најди начин да се обезбедат средства. Советникот Јордан Кромидаровски додаде проектите ги имаме треба да се одбезбедат средства општината само одобрение да издаде, потоа праша за расходниот дел во програма Е0 ставка 464 плаќање по судски за што се планирани овие средства. Претставникот Марина Поповска објасни од овие ставки се плаќа по судски или други трансфери, некои пресуди или кога има тужба за лица каснати од кучиња скитници. Претставникот Марина Поповска додаде ќе има промена во програма А0 во ставка разни трансфери се намалува 50.000, а тие ќе се додадат во спорт и рекреација тоа е по предлог за измени на програмата, ако има потреба ќе се зголеми со ребалансот. Потоа додаде до денес не се стигнати средствата за патот за Св. Тома и за канализација, па ќе се планираат во Буџетот за 2023 година како што и предходно разговаравме за овие ставки. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски истакна патот за Св.Тома е веќе за реконструкција, има оштетување и треба да се реагира. Исто и улиците во Белче се во многу лоша состојба, мора да се направи нешто да се вратат во првобитна состојба. Градоначалникот Никола Најдовски објасни дека знае за тоа и е известен надзорот од дождовите однесен е тампонот, ќе мора да се поправи. Советничката Марина Димитријовска побара објаснување во приходниот дел има намалување во планирањето кај две ставки данок на имот и во такси на што се должи тоа. Потоа во расходниот дел во програмата за урбанистичко планирање имаше планирано 200.000 ништо не се реализира и оваа година исто се планира 200.000, а се покрена иницијатива барем нешто да се реализира. Во пограмата Ј2 дали има планирано и обврски од предходна година. Предходна година беа планирани 850.000 од кои 650.000 се фактури само 200.000, оваа година планирани се плус 500.000 вкупно 700.000. Претставникот од општината Марина Поповска објасни во 2023 година приходот е планиран според реализацијата во 2022 година, предходната година немаше планирани средства од јавна чистота затоа има разликата. Во програмата Ј2 се е исплатено, ако има повеќе средства од колку се потребни ќе се намалат. Советничката Марина Димитријовска праша во програма Ј6 праша во оваа програма колку има обврски, бидејќи и тука има планирано повеќе. Исто во Ј8 предходна година планирани се 400.000 за програмата за бездомни кучиња, 100.000 за комунални услуги. Претставникот Марина Поповска рече точно неможе да каже, овде се планира за зимско одежување, ако нема снег ќе останат средства. Споредбата треба да се прави согласно вториот ребаланс, таа е реалната состојба. Советничката Марина Димитријовска исто така праша за програмата сообраќајна сигнализација предходно се планирале 300.000 сега 100.000 дали се доволни ови средства. Градоначалникот Никола Најдовски објасни не се доволни, но има други приоритети затоа е овде намалено. Претседателот на Совет Љупчо Најдовски додаде кога имавме средба со претставници од полициската станица се утврдија неколку критични места за поставување на сообраќајна сигнализација, треба да се направи тоа да се постават сверни огледала во Журче и во Загориче, исто така легнати полицајци на улицата 1-ви Мај треба да се реализира програмата дел по дел. Советничката Марина Димитријовска се согласи треба да почни да се реализираат програмите исто и кај спорт предходно што е реализирано во 2022 година сега се планира само 50.000. За ставката 427 привремени вработувања предходно имало планирано 210.000, сега се планирани еден милион. Градоначалникот Никола Најдовски објасни предходната година ништо не е реализирано, овие средства кои се планираат за проекти се доволни, исто треба да се средат некои работи планска документација, чисти парцели, нема проекти. За привремените вработувања се планира преку Агенција за вработување да се ангажира архитект, ако се донесе план за вработување тогаш не се поребни овие средства. Договорот со меѓуопштинска соработка е за привремено, тоа нема финансиски средства ама неможи да функционира на подолг период. Архитектката кој е ангажирана е добра, иако има голем обем на работа ќе излезе во пресрет, но мора да се бара човек кој ќе биде

вработен во општината. Исто и архивар имаме со договор поради отсуство на подолг период од работа на вработената, и едно лице хигиеничар е вработено со договор. Советникот Сашо Михајловски сугерирашево програмата ЈД планирано е 5 милиони за реконструкција на улица 11ти Октомври и 1ви Мај, ако можи при изградбата на улицата да се направат легнати полицајци при самото турање на асфалтот, со тоа нема дополнителни трошоци, а ќе биде корисно. Градоначалникот Најдовски се согласи како идеја е добро ќе му биде предложено. Бидејќи од советниците немаше пријавено за дискусија претседателот на Советот Љупчо Најдовски му даде збор на присутните претставници од основните училишта, при тоа праша дали се обезбедни со огрев, исто додаде во Журче ѕидот кај училиштето е во многу лоша состојба треба да се санира. Од страна на претставниците беше дадено објаснување за состојбата и планирањата во Буџетот. Дискусија немаше. За донесување на Буџетот гласаа 6 „за" 4 „воздржани" против немаше.

***ТОЧКА 2. Одлука за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2023 година***

Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2023 година беше донесена од комисијата за финансии и буџет објасни Претседателот на комисијата Александра Трајковска. За одлуката објаснување имаше претставникот Марина Поповска. Забелешки немаше. Со 11 „за" беше донесена одлуката.

***ТОЧКА 3. Одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2023 година***

Одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2023 година беше донесена од комисијата за финансии и буџет објасни Претседателот на комисијата Александра Трајковска. За одлуката објаснување имаше претставникот Марина поповска. Забелешки немаше. Со 11 „за" беше донесена одлуката.

***ТОЧКА 4. Одлука за благајнички максимум на Општина Демир Хисар за 2023 година***

Одлуката за благајнички максимум на Општина Демир Хисар за 2023 година беше донесена од комисијата за финансии и буџет објасни Претседателот на комисијата Александра Трајковска. За одлуката објаснување имаше претставникот Марина Поповска. Забелешки немаше. Со 11 „за" беше донесена одлуката.

***ТОЧКА 5. Одлука за времено финансирање на Општина Демир Хисар за 2023 година***

Бидејќи беше донесен Буџетот на општината за 2023 година по Одлуката за времено финансирање на Општина Демир Хисар за 2023 година не се расправа.

***ТОЧКА 6. Буџетски календар на општина Демир Хисар за 2023 година***

Буџетскиот календар на општина Демир Хисар за 2023 година беше донесен од комисијата за финансии и буџет објасни Претседателот на комисијата Александра Трајковска. За Буџетскиот календар објаснување имаше претставникот Марина Поповска. Забелешки немаше. Со 11 „за" беше донесен Буџетскиот календар.

***ТОЧКА 7. Програма за работа на Советот на општина Демир Хисар за 2023 година***

Програмата за работа на Советот на општина Демир Хисар за 2023 година беше донесена од Комисијата за изготвување на програма за работа на Советот истата е планирана како и предходната година нема измени објасни претседателот на комисијата Александра Трајковска. Со 11 „за" беше донесена програмата без забелешки.

***ТОЧКА 8. Решение за разрешување и именување на член во Комисија за урбанизам, комунални дејности и ЗЖС***

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски објасни Христијан Алексовски се разрешува од член на комисијата, бидејќи на пет седници колку што има одржно оваа комисијата не присуствуваше, на негово место се предлага Николче Стојчевски. Дискусија немаше. Со 11 „за" беше прифатен предлогот.

***ТОЧКА 9. Предлози и прашања***

Дневниот ред беше исцрпен. Претседателот Љупчо Најдовски ја затвори седницата.

Бр. 17- 90/3 Совет на Општина Демир Хисар
30.01.2023 година Претседател,
Демир Хисар Љупчо Најдовски с.р.